eurolink
ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. СКОПЈЕ

# СПЕЦИЈАЛНИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГАРАНЦИЈА ЗА ПРИЕМ ВО ТИР СИСТЕМОТ

**Поим**
**Член 1**

Овие Специјални услови за осигурување гаранција за прием во ТИР системот (во натамошен текст: Специјални услови), заедно со Општите услови за осигурување имоти се составен дел на договорот за осигурување гаранција за прием во ТИР системот- влезна гаранција, што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк Скопје (во натамошен текст: осигурувач).

Врз основа на договорот за осигурување гаранција за прием во ТИР сиситемот и платена премија по полисата, осигурувачот ќе издаде гарантно писмо со кое, солидарно со осигуреникот (царински должник) ѝ гарантира на царинската управа плаќање одредени царински обврски, најмногу до износот на осигурената сума.

**Значење на одделни изрази**
**Член 2**

Одделни изрази употребени во овие Специјални услови го имаат следново значење:

**Осигурувач -** Акционерско друштво за осигурување Еуролинк Скопје;

**Договарач на осигурување –** правно или физичко лице кое склучува договор за осигурување гаранција за прием во ТИР системот;

**Осигуреник –** домашен превозник во меѓународен патен превоз на стоки, корисник на ТИР карнет;

**Сума на осигурување**- највисокиот износ на обврската на осигурувачот по полисата, за сите осигурени случаи;

**Полиса -гарантно писмо-** документ за склучениот договор за осигурување влезна гаранција во ТИР системот кој содржи изјава за гаранција од осигурувачот;

**Национална асоцијација** — членка на ИРУ, овластена за издавање на ТИР карнетите на домашните превозници;

**ТИР карнет-** интернационален царински документ за меѓународен превоз на стока востановен со ТИР конвенцијата.

**Предмет на осигурување**
**Член 3**

Предмет на осигурување е обврската на осигуреникот за плаќање задолженија, такси (царински прекршок) кон царински органи до кои може да дојде во случај на неправилности во текот на меѓународен превоз на стока со ТИР карнет, согласно со Царинската конвенција за меѓународен превоз на стока врз основа на карнети ТИР (Конвенција ТИР -1975), но најмногу до сумата на осигурување наведена во полисата- гарантното писмо.

Со осигурувањето се опфатени обврските од првиот став на овој член што произлегле од ТИР карнет издаден за време на важноста на полисата –гарантното писмо.

Со осигурувањето не се опфатени ТИР карнети за превоз на цигари и алкохол, односно обврските што произлегле од превоз на овој вид на стоки со ТИР карнет.

**Осигурен случај**
**Член 4**

Осигурен случај е парично побарување на царински орган на некоја од државите наведени во ТИР карнетот, поднесено до осигуреникот или до Националната асоцијација или платено од истата, доставено за плаќање во рок од 27 месеци од денот на издавање на осигурениот ТИР карнет.

Паричното побарување произлегува од неправилност при превозот на стока за кој е издаден ТИР карнет, прекршување на правилата на ТИР режимот, утврдена со соодветен правен акт од надлежен царински орган.

**Територијална важност на осигурување**
**Член 5**

Осигурувањето важи само на териториите на земјите членки на ТИР системот.

**Склучување на договорот за осигурувањето**
**Член 6**

Осигурувањето се склучува на писмено барање на осигуреникот или на договарачот на осигурувањето и се смета за склучено кога осигурувачот ќе издаде полиса – гарантно писмо.

**Полиса за осигурување – гарантно писмо**
**Член 7**

Полисата за осигурување гаранции за прием во ТИР системот – гарантното писмо, се издава за времетраење од една година и се однесува на сите ТИР карнети што ќе бидат издадени на име на осигуреникот од Националната асоцијација за време на важноста на гарантното писмо, односно со осигурувањето се опфатени осигурените случаи што произлегуваат од овие ТИР карнети.

Важноста на гарантното писмо престанува пред истек на договореното времетраење, односно осигурителното покритие по гарантното писмо-полиса престанува на денот на исплата на надоместокот од осигурувачот во висина на осигурената сума.

Осигурувачот ја известува Националната асоцијација и осигуреникот дека покритието по полисата е исцрпено, односно дека гарантното писмо повеќе не е во важност.

**Премија**
**Член 8**

Премијата по полисата се плаќа одеднаш при склучување на осигурувањето, по фактура од осигурувачот, доколку не е договорено поинаку.

**Пријавување на штета и утврдување на надомест**
**Член 9**

При настанување осигурен случај до осигурувачот се доставуваат следниве документи:

- Полиса – гарантно писмо,
- Барање, задолжување за плаќање од надлежна царинска управа за сторен царински прекршок од осигуреникот при превоз на стока со ТИР карнет со сите пропратни документи, царинска декларација, односно соодветен правен акт во кој е утврден извршениот прекршок по ТИР конвенцијата по одреден ТИР карнет;
- Потврда од Националната асоцијација во врска со барањето за надомест;
- Доказ за плаќање, доколку подносител на барањето е Националната асоцијација која го платила побарувањето на царинската управа.

Осигурувачот ќе исплати надомест за пристигнатото парично побарување, не повеќе од осигурената сума, доколку од доставените докази несомнено може да се утврди дека се работи за осигурен случај во смисла на овие услови и полисата.

**Право на регрес**
**Член 10**

По исплатата на надоместот од осигурувањето, осигурувачот може да бара од осигуреникот-царински должник да му го надомести сето тоа што го исплатил за негова сметка, како и каматата од денот на исплатата.

Осигурувачот има право на надомест на трошоците настанати во спор со царинската управа од моментот кога го известил осигуреникот за тој спор, како и на надомест на штетата ако имало штета.

Осигурувачот нема право на регрес од осигуреникот, доколку до осигурениот случај дошло поради исклучива вина на трето лице кое не е во договорен однос со осигуреникот (разбојничка кражба или слично), за што постои соодветен доказ од надлежен државен орган.

**Примена на Општите услови за осигурување имоти**
**Член 11**

Доколку некоја одредба од овие Специјални услови е во спротивност со Општите услови за осигурување на имоти, се применува одредбата од Дополнителните услови.

Овие Специјални услови за осигурување на гаранција за прием во ТИР ситемот се донесени на 66 - та редовна седница на Управниот одбор на Акционерското друштво Евролинк Скопје, одржана на 27.02. 2019 година, со Одлука број 0202-2683/2- 3, со примена од истиот ден.